# Извештај за работата на
# ООУ„Христијан Карпош“ Куманово
# за учебната 2022/2023 година



# Организација и реализација на наставата во текот на учебната година

**Материјално технички и други подготовки за работа на училиштето**

Подготовките за учебната 2022/23 год. започнаа уште во месец јуни . Спроведени повеќе активности : варосување, чистење, потребни поправки, уредување на училниците и сл.;

Извршена е целосна дезинфекција и дезинсекција, повеќекратно во сите простории во Централното и Подрачните училишта. Завршен е пристапниот тоалет за ученици со ПОП. Набавени се 150 ребра гусени радијатори од страна на донатор,комплетно се сменети рутерите во централното и во подрачните училишта, набавени се 14 компјутери и 2 принтери, со што е опремен кабинетот по информатика, дидактички материјали и средства за кабинет по хемија и 4 географски карти и 1 глобус,како и 10 одбојкарски топки. Голем број на потреби на училиштето (хартија за копирање, тонери, 31 бела табла, маркери, сунѓери за бели табли и слично), беа покриени преку средства од проектите во склоп на Erasmus + програмата.

Доставувањето на бесплатни учебници во библиотеката и до учениците се одвиваше организирано .Голем дел од учебниците што беа нарачани ,не беа доставени.

Во текот на подготвителниот период,како и во текот на учебната година, наставниците и претставници од Стручната служба , посетија обуки и семинари: кои се однесуваа на реализација на наставата според Новата Концепција за образование.

БРО започна со реализација на обуките за професионален развој на наставниците.Во организација на БРО октомври и ноември беа организирани активности како завршен дел од обуките ПИКОК и ДИСО ,односно беа реализирани менторски средби како и презентација од спроведено истражување.

Исто така беше спроведено и **TIMSS тестирањето по математика и природни науки** на ученици од две паралелки од IV одделение .

Учебната 2022/23 год. училиштето ја започна на 1 Септември 2022 год. со вкупно 1120 ученици распоредени во 56 паралелки (45 во централното училиште -25 во одделенска и 20 во предметна настава), 6 паралелки во подрачното училиште во населбата „Иго Тричковиќ“ и 5 паралелки во подрачното училиште во село Тромеѓа).

Во оваа учебна година во I, II, IV и V одделение наставата се реализираше според Новата концепција за основно образование.

Наставниот материјал во сите парелелки при училиштето е релизиран според Наставниот план и програми за работа.

Во текот на второто полугодие од уваа учебна година , започна процесот на Самоевалуација на училиштето за период 2021-2023 година.По одлука на Директорот се формирани тимови за секое подрачје, во кои влегоа голем број на наставници. Истите започнаа со прибирање и обработка на податоци, а во месец јуни ги финализираа извештаите за секое подрачје поединечно.

Во текот на месец Мај е реализиран упис на ученици во прво одделение за учебната 2023/24 година.

**Учебната година заврши на 14 Јуни 2023 година.**

# БРОЈНА ПОЛОЖБА НА УЧЕНИЦИТЕ

| Одд. парал | Бројна положба | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Запишани на почеток на учебна година | | | Придојдени | | | Отидени во друго училиште | | | Со изјави за странс. и др. | | | Останале | | |
| | м | Ж | Вк. | м | ж | вк | м | ж | ВК | м | ж | вк | м | ж | вк |
| I | 68 | 65 | 133 | 2 | 3 | 5 | 0 | 0 | 0 | 4 | 5 | 9 | 66 | 63 | 129 |
| II | 70 | 62 | 132 | 4 | 1 | 5 | 0 | 0 | 0 | 3 | 2 | 5 | 71 | 61 | 132 |
| III | 65 | 60 | 125 | 1 | 3 | 4 | 1 | 1 | 2 | 6 | 6 | 12 | 59 | 56 | 115 |
| ***I-III*** | ***203*** | ***187*** | ***390*** | ***7*** | ***7*** | ***14*** | ***1*** | ***1*** | ***2*** | ***13*** | ***13*** | ***26*** | ***196*** | ***180*** | ***376*** |
| IV | 63 | 64 | 127 | 3 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 | 7 | 10 | 63 | 57 | 120 |
| V | 62 | 69 | 131 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 4 | 10 | 14 | 59 | 59 | 118 |
| VI | 61 | 62 | 123 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 4 | 2 | 6 | 56 | 61 | 117 |
| ***IV-VI*** | ***186*** | ***195*** | ***381*** | ***4*** | ***1*** | ***5*** | ***1*** | ***0*** | ***1*** | ***11*** | ***19*** | ***30*** | ***178*** | ***177*** | ***355*** |
| VII | 61 | 61 | 122 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 | 59 | 62 | 121 |
| VIII | 59 | 59 | 118 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 60 | 58 | 118 |
| IX | 61 | 48 | 109 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 | 59 | 48 | 107 |
| ***VII- IX*** | ***181*** | ***168*** | ***349*** | ***1*** | ***1*** | ***2*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***4*** | ***1*** | ***6*** | ***178*** | ***168*** | ***346*** |
| **I - IX** | **570** | **550** | **1120** | **12** | **9** | **21** | **2** | **1** | **3** | **28** | **33** | **61** | **552** | **525** | **1077** |

**Во учебната 2022/23 год. училиштето се запишани 1120 ученици.**
**Во текот на учебната година во училиштето се придојдени 21 ученици, а се отпишани 64 ученици, така да на крајот од оваа учебна година училиштето брои 1077 ученика.Во споредба со истиот период од мината учебна 2021/22 година, бројот на ученици е намален за 27.**

## НАЦИОНАЛЕН СОСТАВ

| одделение | Македонци | | | Срби | | | Роми | | | други | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | м | ж | ВК |
| I | 50 | 48 | 98 | 4 | 1 | 5 | 12 | 14 | 26 | / | / | 66 | 63 | 129 |
| II | 61 | 53 | 114 | 1 | 2 | 3 | 9 | 6 | 15 | / | / | 71 | 61 | 132 |
| III | 52 | 42 | 94 | 1 | 2 | 3 | 7 | 11 | 18 | / | / | 60 | 55 | 115 |
| **I-III** | ***163*** | ***143*** | ***306*** | ***6*** | ***5*** | ***11*** | ***28*** | ***31*** | ***59*** | ***/*** | ***/*** | ***197*** | ***179*** | ***376*** |
| IV | 50 | 41 | 91 | 4 | 0 | 4 | 12 | 13 | 25 | / | / | 66 | 54 | 120 |
| V | 49 | 51 | 100 | 3 | 0 | 3 | 7 | 8 | 15 | / | / | 59 | 59 | 118 |
| VI | 42 | 47 | 89 | 1 | 0 | 1 | 14 | 14 | 28 | / | / | 56 | 61 | 117 |
| **IV-VI** | ***141*** | ***139*** | ***280*** | ***8*** | ***0*** | ***8*** | ***33*** | ***35*** | ***68*** | / | / | ***181*** | ***174*** | ***355*** |
| VII | 55 | 54 | 109 | 0 | 1 | 1 | 5 | 6 | 11 | / | / | 60 | 61 | 121 |
| VIII | 54 | 54 | 108 | 4 | 0 | 4 | 1 | 4 | 5 | / | / | 59 | 58 | 117 |
| IX | 55 | 45 | 100 | 2 | 0 | 2 | 2 | 3 | 5 | / | / | 60 | 48 | 107 |
| **VII-IX** | ***164*** | ***153*** | ***317*** | ***6*** | ***1*** | ***7*** | ***8*** | ***13*** | ***21*** | ***/*** | ***/*** | ***179*** | ***167*** | ***346*** |
| **I-IX** | ***468*** | ***435*** | ***903*** | ***20*** | ***6*** | ***26*** | ***69*** | ***79*** | ***148*** | ***/*** | ***/*** | ***557*** | ***520*** | ***1077*** |

Анализирајќи го националниот состав на учениците, во најголем број се застапени Македонци 903, 148 ученици од Ромска националност и 26 Срби. Пресметано во %, **83,84% Македонци, 13,74% Роми и 2,41%** ученици од **Српска** националност.

# У С П Е Х Н А У Ч Е Н И Ц И Т Е

**I-III одд.**

**Од прво до трето одделение описно се оценети и напредуваат во наредно одделение вкупно 364 ученици. 11 ученици се задржуваат во исто одделение.**

Прво одделение: Со изјава на родител во исто одделение се задржани 5 ученика, 2 ученика се упатени на одделенски испит(поради голем број на изостаноци) и истиот го положија. Во наредно одделение напредуваа вкупно 124 ученици. Од нив 57 се во I ниво, 33 -II ниво, 20 -III ниво и 13 ученици поради непознавање на Македонски јазик се неописменети. - 4 ученици се оценети според ИОП

Второ одделение: Со изјава на родител во исто одделение се задржуваат 4 ученици. Еден ученик е упатен на одделенски испит. Во наредно одделение напредуваа вкупно 128 ученици.Од нив 69 се во I ниво, 28 II ниво, 18-III ниво и 10 ученици поради непознавање на Македонски јазик се неописменети. 3 ученици се оценети според ИОП

Трето одделение: Во наредно одделение напредуваа вкупно 112 ученици. Од нив 53 се во I ниво, 27 -II ниво, 14 -III ниво и 17 ученици се во најниското ниво. - 1 ученик е оценет според ИОП. Со изјава на родител во исто одделение се задржани 2 ученика, 1 ученик е упатен на одделенски испит, но не се појави.

**IV – IX одд.**

Од четврто до шесто одделение бројчано се оценети вкупно 346 ученици,од кои 340 напредуваат во наредно одделение а 6 ученици го повторуваат одделението. 5 ученици не се оценети и се упатени на одделенски испит. Од седмо до деветто одделение вкупно се оценети 346 ученика и сите напредуваат во наредно одделение.

**Од четврто до деветто одделение се вкупно оценети 686 ученици со позитивни оцени, 6 ученици го повторуваат одделението, а 6 ученици се упатени на одделенски испит.**

| | **Без слаби** | | | | | **Со слаби** | | | | Повторувачи | Неоценети | **Среден успех** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | одлични | мн.добри | добар | доволен | вкупно | 1 сл. | 2 сл. | 3 + | вкупно | | | |
| IV | 60 | 28 | 18 | 13 | 119 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 4.06% |
| V | 56 | 36 | 19 | 7 | 118 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.18% |
| VI | 31 | 31 | 33 | 8 | 103 | 0 | 0 | 6 | 6 | 6 | 5 | 3.56% |
| **IV-VI** | **147** | **95** | **70** | **28** | **340** | **0** | **0** | **6** | **6** | **6** | **6** | **3.93%** |
| VII | ***56*** | ***34*** | ***26*** | ***5*** | ***121*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***4.1%*** |
| VIII | ***27*** | ***34*** | ***49*** | ***8*** | ***118*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***3.69%*** |
| IX | ***27*** | ***32*** | ***38*** | ***10*** | ***107*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | 3.69% |
| **VII-IX** | **110** | **100** | **113** | **23** | **346** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.83%** |
| **IV-IX** | **257** | **195** | **183** | **51** | **686** | **0** | **0** | **6** | **6** | **6** | **6** | **3.88%** |

| одд | педагошки мерки | | | | | изостаноци | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | оправдани | | | неоправдани | | | вкупно | | | |
| | усна опомена | писмена опомена | укор | намал. на поведение | Преместување | Македонци | Срби | Роми | Македонци | Срби | Роми | Македонци | Срби | Роми | вкупно |
| I | | | | | | 634 | 0 | 1167 | 0 | 0 | 534 | 634 | 0 | 1701 | 2335 |
| II | | | | | | 1859 | 76 | 1197 | 0 | 0 | 1927 | 1859 | 76 | 3124 | 5059 |
| III | | | | | | 2569 | 0 | 675 | 643 | 0 | 1926 | 3212 | 0 | 2601 | 5813 |
| IV | | | | | | 818 | 0 | 446 | 0 | 0 | 1100 | 818 | 0 | 1546 | 2364 |
| V | | | | | | 72 | 0 | 293 | 27 | 0 | 29 | 99 | 0 | 322 | 421 |
| I-V | | | | | | 5952 | 10 | 3778 | 670 | 0 | 5516 | 6622 | 10 | 9294 | 15926 |
| VI | 25 | 15 | 13 | 13 | 0 | 3076 | 18 | 3412 | 24 | 1 | 4878 | 3100 | 19 | 8290 | 11409 |
| VII | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 523 | 2 | 341 | 73 | 0 | 96 | 596 | 2 | 437 | 1035 |
| VIII | 28 | 2 | 2 | 2 | 0 | 3216 | 73 | 414 | 362 | 1 | 100 | 3578 | 74 | 514 | 4166 |
| IX | 11 | 4 | 1 | 2 | 0 | 2990 | 148 | 390 | 124 | 0 | 62 | 3114 | 148 | 452 | 3714 |
| VI-IX | 72 | 21 | 16 | 17 | 0 | 9805 | 241 | 4557 | 583 | | 5136 | 10388 | 243 | 9693 | 20324 |
| I-IX | 72 | 21 | 16 | 17 | 0 | 15757 | 251 | 8335 | 1253 | | 10652 | 17010 | 253 | 18987 | 36250 |

# Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците

**Средниот успех на ниво на училиштето е 3,88**.
Споредено со минатата учебна година кога средниот успех изнесуваше 3,74 бележиме мал пораст на успехот од 0,14.




**Од оценките, во сите генерации ,најбројна е оценката 5 ,а најмалубројна е оценката 4. Само во VI одделение има оценки 1(тоа се оценките на учениците што го повторуваат одделението.) Што се однесува до успехот , поединечно по предмети, највисок среден успех од IV-IX одд. има по предметот ФЗО-4,80.**

Најголем број на изостаноци имаат направено ученици од шесто одделение(11409 или 97,51 по ученик), а намалку учениците од петто одделение(421 изостанок или 3,57 по ученик.)




Вкупниот број на оправдани изостаноци изнесува 24343, а на неоправдани изостаноци 11905 Во оваа учебна година вкупно има направено 36250 изостаноци. Во споредба со минатат учебна година кога имаше 42306 изостаноци, бројот на изостаноци е намален за 6056.

# Поведение и педагошки мерки

За учениците кои отсуствуваа од наставата, редовно се испраќани известувања до родителите, а истовремено им се изрекуваа и педагошки мерки, согласно Законот за основно образование.За оние ученици кои добиваа педагошки мерки, од страна на училиштето беа формирани тимови за поддршка на учениците(на ниво на генерација), а родителите беа повикувани на разговор/советување од страна на стручната служба на училиштето.




Во поглед на педагошките мерки, во секоја генерација, најчести се усните опомени(вкупно 72), а најмногу педагошки мерки имаат добиено учениците од VI одделение, а најмалку учениците од VII одделение.

# Реализација и учество на натпревари и воннаставни активности

## Во овој период учениците од нашето училиште земаа учество на повеќе натпревари под водство на своите наставници и добија бројни награди:

На одржаниот онлајн натпревар **,,Вива ла Музика”** на кој имаше повеќе натпреварувачки дисциплини учениците од нашето училиште под менторство на наставникот по музичко образование Стефан Стојмановски ги освоија следниве награди во дисциплината вокални солисти:

Василија Дурова IXa - второ место на регионално ниво
Бојана Костадиновска IXд - трето место на регионално ниво
Хана Асановска IXд - трето место на регионално ниво
Димитрија Максимовки VIIб – пофалница
Анелија Петровска Vд – пофалница



Во организација на ЈОУ "Тане Георгиевски" и здружението "Зон-учител" се одржа манифестацијата под мотото **"Поети имитираме-оригинално рецитираме"**. На оваа манифестација учествуваа ученици од прво до петто одд. кои имаа одлична интерпретација и успешно го претставија нашето училиште. Сите ученици- учесници добија благодарници за учество и секако освоени награди за второ и трето место.

Прво одд- Ана Николиќ (второ место) ментор Александра Павловска.
Второ одд- Димитриј Спиридоновски (второ место) ментор Лидија Николиќ.
Трето одд- Лара Пешевска (второ место) ментор Љубинка Велкова .
Четврто одд- Сандра Бојковска (трето место) ментор Сашка Јордановска
Петто одд - Ива Димитриевска (благодарница) ментор Наталија Димитриевска.



На 6.05.2023 се одржа државен натпревар по англиски јазик организиран од страна на **ЕЛТАМ МК**

Ученичка Хана Асановска од IX одделение под менторство на професорката Билјана Петровска освои II (второ) место на државниот натпревар што е најголем успех во регионот.




На 20.05.2023 во ООУ „Браќа Миладиновци“ во Скопје се одржа **XIX Републички детски фестивал „Ракатки-2023“.**

На оваа свечена манифестација беа доделени дипломи за најдобрите млади литерати од нашата држава.

Нашата ученичка Јована Милковска од VI-а одделение го освои ПРВОТО МЕСТО со својата поетска творба на тема „Чистата средина-мост до моето здравје“.
Ментор-Фросина Пешевска.

На 6.05.2023 се оддржа **регионален натпревар по хемија** на кој учество земаа и нашите ученици од VIII и IX одделение.

VIII одделение
Сара Даниловска ( II награда)-оди на државен натпревар;
Теодор Трпковски ( III награда);
Ангела Васевска- пофалница;
Александра Марковска- пофалница;
Стефанија Симоновска - сертификат;
Леона Зафировска- сертификат;
Јана Симоновска- сертификат;



IX оддление
Анастасија Левковска( III награда);
Ана Божиновска- пофалница;
Софија Лазиќ- пофалница;
Андреј Ѓошевски- сертификат;

На 26.05.2023 во Скопје се оддржа **државен натпревар по хемија** за ученици од основно и средно образование на кој учествуваше и нашата ученичка Сара Даниловска од VIII в која го освои третото место.

На 29.05.2023 нашата екипа за црвен крст учествуваше на **натпревар организиран од ОО "Црвен крст" Куманово** под менторство на Валентина Бојковска и се здоби со благодарница за освоено четврто место.

На 10.06.2023 ООУ ,,Толи Зордумис" слави 60 години постоење и во таа чест распиша **литературен награден конкурс** за учениците од општината.

Нашата ученичка Симона Бојковска од осмо одделение под менторство на професорката Весна Алексова освои прво место.



**Државен натпревар по Природни науки** оддржан на 10.06.2023

Марко Петрушевиќ Vв одд. освои III награда
Ментор: Елена Ангеловска

Ана Стевановиќ VIа одд. освои II награда
Ментор: Драгана Божиновска



➢На 22 април се одбележува **Денот на планетата Земја**, кога луѓето се потсетуваат дека грижата кон неа е основната задача на нашето постоење.По повод роденденот на планетата Земја ,нашите ученици и нивните ментори инспирирани од љубовта кон природата,спроведоа низа работилници кои имаа за цел будење на свеста кај учениците дека природата е бесценета и дека навистина немаме резервна планета.

➢ На 2.05.2023 во нашето училиште учениците од IV в одд. со наставничката Биљана Петковска Антовска и IV одд. од подрачното училиште од с. Тромеѓа со наставничката Елизабета Радуловска а во координација со професорите Јовица Ивановски и Александар Милановски успешно го спроведоа **TIMSS тестирањето по математика и природни науки**.

➢Во период од 16-21.05.2023 година, волонтерите од Црвен крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Куманово одржаа **Еко - едукации** под мотото "Позелено денес за подобро утро" со цел за подигнување на еколошката свест кај помладите генераци, како и грижа и чување на животната средина.Релизирана беше работилница и во нашето училиште со по една паралелка од II и една паралелка од IV одд со вкупно 45 ученици..Благодарност од Екотимот за соработка на наставничките Зорица Милановска и Биљана Петковска Антовска,како и до директорот на училиштето.

➢ На 6.06.2023 Во рамките на проектот Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем ,наш главен приоритет е ментално и физичко здравје на нашите ученици. Со ученици од IX одд.беа одржани работилници на тема,,**Ментално здравје,,**.Наши гости беа психолози од Општа болница ,Куманово -Биљана Ивановска и Анита Стоилковска,кои во соработка со нашата стручна служба ги реализираа работилниците заедно со нашите деветтоодделенци.

➢ Учениците од прво одделение од нашето централно училиште го посетија спортскиот аеродром **Аџи Тепе**. Голема благодарност до родителите за соработката при организирање на посетата.

- На 9.06.2023 нашите ученици од второ одделение со наставничката Маја Стефановска, учествуваа на **Ликовна работилница** во Центарот за култура ,, Трајко Прокопиев '' Куманово, подржана од Министерството за култура.

- На 10.06.2023 **Ученичката заедница и Учениците правобранители**, традиционално, на крајот од учебната година доделија благодарници на учениците кои во текот на изминатата учебна година дадоа свој придонес во работата на училиштето преку учества на дебати, предлози за подобрување на ученичкото учество, изработка на правилници...Благодарност до сите членови, до стручната служба, директорот, до професорките Весна Алексова и Габриела Бошковска, координатори на УЗ.

- За учество на Global Action Days ,нашето училиште се стекна со **сертификат на зелени училишта** ,од организацијата FEE-Foundation Environmental Education.Благодарност до сите наставници и ученици коиземаа учество во активностите по повод 22 Април Светски ден на планетата Земја.

- Нашето училиште се најде меѓу 24 училишта од Македонија кои ја добија ознаката: **#etwinning ознака за училиште 2023.** Продолжуваме да ги негуваме вредностите на #etwinning во нашето учиилиште: иновација, соработка и пример за други училишта.

# Проектни активности

- Моментално во училиштето се реализира ERASMUS+ проектот: **DigIn- Дигитализација и инклузивно образование - во чекор со дигиталната ера.** На 27-28.04.2023 нашето училиште беше домаќин на четвртата и последна транснационална средба во рамки на проектот. Партнерите од Австрија, Италија, Босна и Херцеговина и НВО "Образование за сите" од Скопје имаа прилика да набљудуваат примена на инклузивни практики во наставата, и одблизу да се запознаат со процесот на инклузија благодарение на стручната служба од нашето училиште. Голема благодарност до наставниците и учениците кои демонстрираа дел од нивните активности денес. На 10.05.2023 во просториите на Занаетчиски дом одржавме промотивен настан за резултатите од Еразмус+ проектот: "Дигитализација и инклузивно образование" (ДигИн).

- На 4.04.2023 год е потпишан Меморандум за соработка во рамки на проектот **„Инклузија на деца со посебни образовни потреби“** помеѓу Општина Куманово, здружението за асиситивна технологија „Отворете ги прозорците“Скопје, ООУ„Браќа Миладиновци“Куманово(како училиште за поддршка со ресурсен центар), ООУ„Наим Фрашери“ и ООУ„Христијан Карпош“. Проектот ќе се реализира во период од 3 години, при што ќе се реализираат бројни активности според изготвен акциски план.

- Наставникот – ментор, Даниела Стојановска, со дел од своите ученици, го реализира проектот **„ПОБЕЗБЕДЕН“** – Социјални компетенции и фундаментални права за спречување на врсничко насилство (булинг). Проектот е под покровителство на Центарот за интеркултурен дијалог, партнер во Ерасмус+ програмата: Социјална инклузија и заеднички вредности: придонес во област на образование и обука, на Европската Унија.

- Завршна манифестација од проектот - **"По стапките на Карпош",** како и промоција на документарниот филм - "Ликот на Карпош" изработен од учениците од IX одделение од ООУ,,Христијан Карпош,,Куманово во координација со менторите Елена Милошевска,Данијела Стефановска,Ненад Георгиевски и Виктор Трајковски и промоција на збирката - "По стапките на Карпош« во соработка со ЈОУ Библиотека "Тане Георгиевски"-Куманово овој проект го реализираше со поддршка на Општина Куманово.

## Реализација на настава за ученици со посебни образовни потреби

- Во училиштето има 14 ученици со посебни образовни потреби, од нив 10 ученика имаат документ за категоризација од МКФ. Со овие ученици се работи според посебни образовни програми (за 12 ученици има изготвено ИОП, а за 2 ученика има изготвено модифицирана програма според која се работи).
- За 7 ученика има асистенти кои се ангажирани од страна на ресурсниот центар „Иднина“, а за еден ученик родителите самостојно го плаќаат асистентот.
- Според диференцирани цели се работи со 3 ученика со потешкотии.
- Нашето училиште е вклучено во Проект за подобрување на инклузијата и условите во училиштето за развојот на истата.
- Од страна на стручната служба и наставниците во училиштето континуирано се работи на подигање на свеста за Инклузијата во училиштето.

Извештајот го изготвија:

- Александра Стаменовска- педагог
- Бојана Петрушевска- специјален едукатор и рехабилитатор

Куманово

Јули 2023 година